**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-317
11-09. **2020 година**
**Скопје**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РепубликаМакедонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а во врска со член 64 став 1 од истиот Закон, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3195/1 од 12.08.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради употреба на јазикот спротивно на член 64 од истиот Закон, од страна на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 32-та седница одржана на 10.09.2020 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-3393/4 од 10.09.2020 година, го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, заради извршена повреда на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а казнива по член 147 став 1 точка 14 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, емитуван на 23-ти јули 2020 година, во две реprизи на емисијата „Јади бурек", не беше обезбеден превод на македонски јазик на изјави на Емилија Џексон и на Боби Андонов, како и разговори со нив (емитувани на некоја австралиска телевизија) кои беа емитувани изворно на англиски јазик и тоа:

- Во првата реприза емитувана во периодите: од 01:08:07 до 01:09:25 часот, од 01:11:28 до 01:12:54 часот, од 01:15:39 до 01:19:12 часот, од 01:21:48 до 01:23:18 часот и од 01:23.44 до 01:26:13 часот - емитувани се изјави на Емилија Џексон, победничка на кулинарското шоу „Мастер шеф" во Австралија како и разговори со неа (кои се емитувани на некоја австралиска телевизија) изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик и во периодите: од 02:36:07 до 02:37:02 часот и од 02:39:20 до 02:42:19 часот - емитувани се изјави на пејачот Боби Андонов, во музичко талент шоу во Австралија, како и разговори со него (кои се емитувани на некоја австралиска телевизија) изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик и
- Во втората реприза емитувана во периодите: од 07:11:21 до 07:12:38 часот, од 07:14:41 до 07:16:07 часот, 07:18:51 до 07:22:24 часот, од 07:25:00 до 07:26:30 часот и од 07:26:56 до 07:29:26 часот - емитувани се изјави на Емилија Џексон, победничка на кулинарското шоу „Мастер шеф" во Австралија, како и разговори со неа (кои се емитувани на некоја австралиска телевизија) изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик и во периодите: од 08:39:21 до 08:40:13 часот и од 08:42:34 до 08:45:31 часот - емитувани се изјави на пејачот Боби Андонов во музичко талент шоу во Австралија, како и разговори со него (кои се емитувани на некоја австралиска телевизија) изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов, период на емитување (почеток и крај) и опис во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3195/1 од 12.08.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 12 август 2020 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) врз телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, емитуван на 23-ти јули 2020 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е пропишано дека радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница.

Со надзорот констатирано е дека на телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, емитуван на 23-ти јули 2020 година, во две реприи на емисијата „Јади бурек", не беше обезбеден превод на македонски јазик на изјави на Емилија Џексон и на Боби Андонов, како и разговори со нив (емитувани на некоја австралиска телевизија) кои беа емитувани изворно на англиски јазик и тоа: во првата реприза емитувана во периодите: од 01:08:07 до 01:09:25 часот, од 01:11:28 до 01:12:54 часот, од 01:15:39 до 01:19:12 часот, од 01:21:48 до 01:23:18 часот и од 01:23.44 до 01:26:13 часот - емитувани се изјави на Емилија Џексон, победничка на кулинарското шоу „Мастер шеф" во Австралија како и разговори со неа (кои се емитувани на некоја австралиска телевизија) изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик и во периодите: од 02:36:07 до 02:37:02 часот и од 02:39:20 до 02:42:19 часот - емитувани се изјави на пејачот Боби Андонов, во музичко талент шоу во Австралија, како и разговори со него (кои се емитувани на некоја австралиска телевизија) изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик и во втората реприза емитувана во периодите: од 07:11:21 до 07:12:38 часот, од 07:14:41 до 07:16:07 часот, 07:18:51 до 07:22:24 часот, од 07:25:00 до 07:26:30 часот и од 07:26:56 до 07:29:26 часот - емитувани се изјави на Емилија Џексон, победничка на кулинарското шоу „Мастер шеф" во Австралија, како и разговори со неа (кои се емитувани на некоја австралиска телевизија) изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик и во периодите: од 08:39:21 до 08:40:13 часот и од 08:42:34 до 08:45:31 часот - емитувани се изјави на пејачот Боби Андонов во музичко талент шоу во Австралија, како и разговори со него (кои се емитувани на некоја австралиска телевизија) изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов, период на емитување (почеток и крај) и опис во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3195/1 од 12.08.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, испрати допис – Доставување писмен извештај од надзор за изјаснување Уп1 бр.03-317 од 12.08.2020 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3195/1 од 12.08.2020 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. На 14.08.2020 година, Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, до Агенцијата достави Писмено изјаснување бр.04-202/1 од 14.08.2020 година (наш Уп1 бр.03-317 од 14.08.2020 година). Советот на Агенцијата на 32-та седница одржана на 10.09.2020 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното Писмено изјаснување бр.04-202/1 од 14.08.2020 година (наш Уп1 бр.03-317 од 14.08.2020 година), при што заклучи на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), во врска со член 64 став 1 од истиот Закон и точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 32-та седница одржана на 10.09.2020 година согласно Заклучокот арх.бр.02-3393/4 од 10.09.2020 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп и му се наложува, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3195/1 од 12.08.2020 година.

**Доставено до:**
- Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп;
- Управителот на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп;
- Одговорното лице на програмата во Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчовски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), се доставува:


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

| Примено / Pranuar: 12.08.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numer | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 3195 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп

3. **Период опфатен со надзорот:** 23 јули 2020 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 12 август 2020 година

5. **Предмет на надзорот:**

– **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

– **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни да емитуваат најмалку 12 часа дневно програма на телевизија);

– **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.)

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, емитуван на 23 јули 2020 година, на државно ниво, **е констатирано прекршување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

Со надзорот е констатирано дека на 23 јули 2020 година, на телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, во две реприизи на емисијата „Јади бурек" се емитувани изјави на Емилија Џексон (победничка на кулинарското шоу „Мастер шеф" во Австралија) и на Боби Андонов (пејач, учесник во музичко талент шоу во Австралија), како и разговори со нив емитувани на некоја австралиска телевизија, кои се емитувани изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик.

| Наслов | Период на емитување | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| "Јади бурек" – прва реприза | 01:08:07<br>01:11:28<br>01:15:39<br>01:21:48<br>01:23:44 | 01:09:25<br>01:12:54<br>01:19:12<br>01:23:18<br>01:26:13 | Изјави на Емилија Џексон, победничка на кулинарското шоу „Мастер шеф" во Австралија, како и разговори со неа, кои се емитувани на некоја австралиска телевизија, се емитувани изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. |
| | 02:36:07<br>02:39:20 | 02:37:02<br>02:42:19 | Изјави на пејачот Боби Андонов, во музичко талент шоу во Австралија, како и разговори со него, кои се емитувани на некоја австралиска телевизија, се емитувани изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. |

| Наслов | Период на емитување | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| "Јади бурек" – втора реприза | 07:11:21<br>07:14:41<br>07:18:51<br>07:25:00<br>07:26:56 | 07:12:38<br>07:16:07<br>07:22:24<br>07:26:30<br>07:29:26 | Изјави на Емилија Џексон, победничка на кулинарското шоу „Мастер шеф" во Австралија, како и разговори со неа, кои се емитувани на некоја австралиска телевизија, се емитувани изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. |
| | 08:39:21<br>08:42:34 | 08:40:13<br>08:45:31 | Изјави на пејачот Боби Андонов, во музичко талент шоу во Австралија, како и разговори со него, кои се емитувани на некоја австралиска телевизија, се емитувани |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. |

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** на програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, на 23 јули 2020 година, во две репризи на емисијата „Јади бурек" не беше обезбеден превод на македонски јазик на изјави на Емилија Џексон и на Боби Андонов, како и разговори со нив емитувани на некоја австралиска телевизија, кои беа емитувани изворно на англиски јазик.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***